ул. Даме Груев 28, 1000 Скопје, Македонија

тел/факс: 0038923298590

www.zmstam.org.mk;

e-mail:zmstam@yahoo.com; kancelarija.zmstam@yahoo.com;

*Жените се од голема важност за здравјето и просперитетот на заедницата и нацијата.*
*Да работиме заедно за здравјето на жената!*

Непосредно пред Меѓународниот ден на жените, Здружението на медицинските сестри, техничари и акушерки на Република Македонија потсетува дека оваа година се означува 70 годишнината од Декларацијата за човекови права на ОН. Ова е одлична можност секој од нас да ги обнови нашите заложби да се поддржат правата на луѓето на здравствена заштита и особено правата на жените.
Медицинските сестри и Акушерките ги поддржуваат жените во периодот од нивниот живот кога се тие најранливи: ги советуваат во тек на бременост, покрај нив се за време на породување и во часовите и неделите откако бебето ќе се роди. Ние ги знаеме опасностите со кои се соочува жената ако се појават компликации, што значи дека породувањето може понекогаш да го загрози животот на мајката и бебето.

Ние знаеме што е потребно! **Потребни ни се поголем број акушерки и повеќе медицински сестри со акушерски вештини на право место, во право време, со соодветно образование, со соодветна подршка, со добра плата и во доволен број.**

Ги повикуваме оние што донесуваат политички одлуки да покажат вистинско лидерство и да ги стават акушерките и медицинските сестри како приоритет во напорите за подобрување на здравјето на мајките и нивните деца. Ја поддржуваме секоја превземена акција за подобро и поквалитетно образование на медицинските сестри и акушерките, како и зголемување на бројот на работните места, се со цел - намалување на матерналната смртност. Здружението сака да го заштити угледот на професијата и безбедноста на жените.